РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-38/2
30.04. 2015 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" -СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ

| Примено: 19-08-2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 526 | 9 | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 40. седница одржана на 30.04.2015 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма „Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications)", втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications)", втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по електротехника и информациски технологии од областа на безжичнитеи мобилни комуникации, Master of science in elektrical engineering and Information tehnologies with Major in wireless and mobile communications,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко технолошки науки, научно - истражувачко поле: Електротехника, Телекомуникациско инженерство, научно - истражувашка област: Безжични и мобилни апликации.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за електротехника и информациски технологии и одлуката од универзитетскиот сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за организирање втор циклус едногодишна студиска програма „Безжични и мобилни апликации (Wireless and mobile communications)“ на англиски јазик, на 26.03.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 39 седница одржана на 30.03.2015 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 40. седница одржана на 30.04.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски